# ЈАВНА ДИСКУСИЈА
# „Повеќекратната и интерсекциската дискриминација и пристапот до правда со посебен фокус на жените и девојчињата Ромки“

10.00-14.00 ч., 01 април 2024 година
Клуб на пратеници, Митрополит Теодосиј Гологанов 45, Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј



Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Лудвиг Болцман Геселшафт – Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR) и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.

Финансирано од Европска Унија

# Содржина


ЗА ЈАВНАТА ДИСКУСИЈА ..... 3

ГЛАВНИ ЦЕЛИ ..... 3

ОРГАНИЗАТОРИ ..... 3

УЧЕСНИЧКИ И УЧЕСНИЦИ ..... 3

ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД ЈАВНАТА ДИСКУСИЈА ..... 5

ИДНИ АКТИВНОСТИ ..... 8

ПРИЛОГ: ЗАПИСНИК ..... 10




Финансирано од Европска Унија

## За јавната дискусија

Јавната дискусија беше организирана како дел од активностите кои ги спроведуваат Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител кон спроведувањето на активностите предвидени во Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022-2024. Ова е прва заедничка јавна дискусија која ја организираат двете институции.

## Главни цели

- Идентификување на изворите на нееднаквост и дискриминаторските пречки во пристапот до правда за жените и девојчињата Ромки во сета нивна различност
- Изнаоѓање начини и конкретни предлози за сузбивање на изворите на нееднаквост и дискриминаторските пречки во пристапот до правда за жените и девојчињата Ромки во сета нивна различност

## Организатори

- Комисија за спречување и заштита од дискриминација
- Народен правобранител
- Министерство за труд и социјална политика
- Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ финансиран од Европската унија, имплементиран од Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права

## Учеснички и учесници

| # | Име и презиме | Афилијација |
|---|---|---|
| 1 | Александра Богдановска | Совет на Европа, фокална точка за род |
| 2 | Александра М Синадиновска | / |
| 3 | Александра Цветановска | Македонско здружение на млади правници |
| 4 | Анастасија Муратовска | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| 5 | Ашмет Елезовски | Здружение Национален ромски центар |
| 6 | Барбара Лигл | Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ |
| 7 | Билјана Котевска | Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ |
| 8 | Бисера Ристовска | ХОПС, Опции за здрав живот |
| 9 | Васка Бајрамовска Мустафа | Народен правобранител |
| 10 | Весна Томовска | Државен инспекторат за труд |
| 11 | Драгана Дрндаревска | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| 12 | Ева Спасевска | Х□РА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување |
| 13 | Игор Јадровски | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |

| # | Име и презиме | Афилијација |
|---|---|---|
| 14 | Инес Џемаил | НВО Лулуди женска ромска организцаија |
| 15 | Ирена Спирковска Лукаровска | Организација на обединетите нации, UN Women |
| 16 | Ирена Цуцуловска | Совет на Европа, Програма за бесплатна правна помош |
| 17 | Кимета Амет | НВО Лулуди - Ромска организцаија за жени и млади |
| 18 | Кристина Весиќ | Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ |
| 19 | Кристина Дода | Институт за човекови права |
| 20 | Лила Милиќ | ТрансФорма |
| 21 | Љатифе Шиковска | Пратеничка |
| 22 | Мабера Камбери | Министерство за труд и социјална политика |
| 23 | Марија Андреева | Совет на Европа, програма за недискриминација |
| 24 | Маријан Поњавиќ | Народен правобранител |
| 25 | Мерита Мустафи | Сонце – Асоцијација за демократски развој на Ромите |
| 26 | Наташа Бошкова | Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ и Коалиција Маргини |
| 27 | Наташа Петровска | Здружение „Сите за правично судење“ |
| 28 | Нахида Зекирова | Министерство за труд и социјална политика |
| 29 | Неда Чаловска | Експертка |
| 30 | Софија Петличковска | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| 31 | Стојан Мишев | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените |
| 32 | Тања Крстевска | Министерство за труд и социјална политика |
| 33 | Тања Мијовска | Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ |
| 34 | Татијана Темелковска | Организација на обединетите нации |
| 35 | Хајди Штерјова Симоновиќ | ХОПС, Опции за здрав живот |


Финансирано од Европска Унија

# ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД ЈАВНАТА ДИСКУСИЈА

## - ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ -

**Бесплатна правна помош:**

- Најпрепознаени даватели на бесплатна правна помош се граѓанските организации. Но, тие се недоволно и непостојано поддржани, особено финансиски.
- Секундарната правна помош ретко се одобрува.
- Обесхрабреност на жените Ромки да побараат бесплатна правна помош.
- Ромките, и другите маргинализирани групи, подобро поминуваат при секоја средба со институциите доколку се придружувани од некој друг.
- Потребно е да се едуцираат граѓанките и граѓаните за повеќе да ја користат можноста за бесплатна правна помош.
- Одделението за бесплатна правна помош при Министерство за правда нема доволно капацитети, ниту пак Министерството финансии, за да овозможи соодветни обуки на вработените.
- Бесплатна правна помош не може да ја користат лица без државјанство или без документи.

**Малолетнички бракови:**

- Остануваат предизвик, заедно со принудната сексуална работа на девојчиња Ромки.

**Бездржавјанство:**

- Олеснување на пристапот до правда за Ромите кои се без државјанство, не се евидентирани.

**Пристап на Ромките до услуги:**

- Јазична бариера.
- Дискриминација.
- Обесхрабреност.
- Недоволна информираност.
- Соочување со стереотипи од страна на вработените во институциите.

**Застапеност на Ромките во институциите:**

- Недоволна застапеноста на Ромите воопшто, а целосна отсутност на Ромките, од правосудните институции.
- Квотите како што се поставени не овозможуваат застапеност на жените Ромки.
- Влезот на Ромките во институциите на одлучувачки позиции се обесхрабрува.

**Капацитет во правосудството:**

- Низок степен на познавање на област дискриминација, на пример товар на докажување.
- Низок степен на препознавање на дискриминацијата.
- Присутни стереотипи кај самите судии за жените и девојчињата Ромки.
- Недостиг на сензибилитет за работа со жените и девојчињата Ромки, како и другите маргинализирани заедници на пример ЛГБТИК.

**Родово-базирано насилство:**

- Несоодветно постапување на центрите за социјална работа во различни случаи, вклучително и родово-базирано и семејно насилство.


Финансирано од Европска Унија

- Ромките бараат помалку мерки на привремена заштита.
- При пријавување, се случува да им побараат на жени да платат за здравствен преглед кој треба да е бесплатен.
- Недостиг на меѓуинституционална соработка и преголема зависност од лични контакти за да се заврши нешто.
- Несоодветни коментари од вработени во институциите (на пример, дека знаат дека жртвата ќе се врати кај насилникот, дека немало да ѝ помогнат да не биле од невладина организација со неа).
- Нема доверба кај жртвите во институциите.

**Центри за социјална работа:**

- Несоодветно постапување на центрите за социјална работа во различни случаи, вклучително и родово-базирано и семејно насилство.
- Стереотипизирање во решавањето на родителски и други семејни односи.
- ЦСР имаат тенденција да влијаат на жените за тие да ги повлечат своите барања, вклучително и при давање на изјави со согласност ЦСР да не постапува во нивниот случај.
- Многу поплаки на работата на ЦСР, на пример за непоаѓање од најдобриот интерес на детето.
- Во практиката, при постапките на старателство не се зема предвид ако таткото е сторител на родово-базирано насилство.

**Други прашања:**

- Недоволна видливост на ромската заедница.
- Отсуство на интерсекциски пристап при креирањето на политиките.
- Присутна сегрегацијата во образованието.
- Неказнивост за пропустите во работењето на институциите.
- Недоверба во институциите.
- Корупција и клиентелизам како препрека.
    - Потреба од „фаќање врски“ дури и за најобични работи, на пример за развод на брак (за што, на пример, во Тетово се чека со месеци).
- Младите не се запознаени со дискриминацијата доволно добро за да ја препознаваат.
- Недоволна работа на проблематиката на антициганизам.
- Делувањето на антиродовите и антидемократските движења го поништуваат потенцијалот и направеното во врска со стратегиите за родова еднаквост.
- Голема рашириност на неформалната вработеност и немање законско решение за работнички права на овие работнички/ци.
    - Акцискиот план за формализирање на неформалната работа, со цел вклучување на пазарот на трудот, не може да даде резултати, бидејќи често жените не сакаат да бидат пријавени (сакаат да ги задржат целите приходи за себе) или се изложени на притисок од нивните семејства за да не бидат пријавени (заради примање на социјална помош, и слично).
    - Кампањи за да може Ромките и Ромите да се запознаат со активните мерки за вработување.
- Неактивност на националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област.

- ГЛАВНИ ПРЕПОРАКИ -

**Бесплатна правна помош:**

- Преобмислување на начинот на финансиска поддршка за бесплатна правна помош дадена преку граѓанските организации и мрежи од граѓански организации, со цел обезбедување на доволност, соодветност, постојаност и предвидливост.
- Анализа на постапувањето во случаите на секундарна правна помош со цел пронаоѓање на предизвиците во врска со одобрувањето на истата.
- Подигнување на капацитетите и свесноста на институциите со цел исходот за Ромките и за другите маргинализирани групи да биде еднакво сличен, без разлика дали при нивното обраќање до институциите тие се придружувани од некој друг или не.
- Потребни се измени на законот за бесплатна правна помош со цел да се адресираат состојбите кои се нотирани како предизвици во практиката.
- Подигнување на информираноста на граѓанките и граѓаните за можноста да добијат бесплатна правна помош.
- Изработка на план за зголемување на капацитетите на одделението за бесплатна правна помош при Министерство за правда и издвојување на финансиски средства за спроведување на истиот.

**Малолетнички бракови:**

- Мапирање на предизвикот малолетнички бракови и негово редовно следење.
- Поширока акција за мапирање и справување со принудувањето на сексуална работа на девојчиња Ромки.

**Бездржавјанство:**

- Донесување на законски измени со цел овозможување и олеснување на пристап до правда за Ромите и лицата од други маргинализирани групи кои се без државјанство.

**Пристап на Ромките до услуги:**

- Внатрешна организација на капацитетите кои се на располагање на институциите на начин кој ќе овозможи ефективно надминување на јазичната бариера.
- Спроведување на обуки и други активности за подигнување на свесност, справување со несвесна пристрасност и зголемување на информираноста кај вработените во институциите со цел намалување на дискриминацијата.
- Спроведување на внатрешни дисциплински постапки за справување со случаите на дискриминација од страна на вработени во институциите кон граѓанките и граѓаните кои им се обраќаат за услуги, со особено внимание на практиката кон Ромките и другите маргинализирани групи.

**Застапеност на Ромките во институциите:**

- Воведување на посебни квоти за Ромките во правосудните институции.
- Изработка на план за зголемување на влезот на Ромките на одлучувачки позиции во институциите, издвојување на средства за негово финансирање и спроведување на истиот.

**Капацитет во правосудството:**

- **Академија за судии и јавни обвинители:**
    - Академијата за судии и јавни обвинители да направи анализа на состојбите со помалку застапени заедници во правосудството и согласно добиените податоци да


Финансирано од Европска Унија

ги ревидира квотите, заземајќи интерсекциски пристап, со цел да се поттикнат жените Ромки да вршат правосудни функции и
  - Академијата за судии и јавни обвинители и правосудните органи да го преиспитаат начинот на комуникација со маргинализираните заедници.

**Родово-базирано насилство:**

- Да се анализира пристапот на ЦСР во случаите на пријавување на семејно насилство од страна на жена Ромка.
- Измени на Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство.
- Јакнење на капацитетите на практичарите за постапување при родово-базирано насилство, особено во случаи каде жртвите се Ромки.
- Информирање на жените Ромки и нивно охрабрување за пријавување на насилството.
- Зголемување на сервисите за жените Ромки кои пријавиле насилство, вклучително и сместувачки капацитети со стручен кадар.
- Подигање на свеста кај луѓето од институциите за појавноста и природата на родово-базираното насилство.
- Усогласување на остатокот од законската регулатива со Истанбулската конвенција.
- Во практиката, при постапките на старателство треба се зема предвид ако таткото е сторител на родово-базирано насилство.

**Центри за социјална работа:**

- Спроведување на обуки и други активности за подигнување на свесност, справување со несвесна пристрасност и зголемување на информираноста кај вработените во центрите за социјална работа, со цел намалување на дискриминацијата и практиката на родово стереотипизирање во работата, особено во случаи на решавање на родителски и други семејни односи и при случаи на родово-базирано и семејно насилство.
- Во практиката, при постапките на старателство треба се зема предвид ако таткото е сторител на родово-базирано насилство.

**Други прашања:**

- **Активирање на националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област:**
  - Издвојување на финансии и спроведување на активности со цел заживување на националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област.
- Потребно е соодветно и законско казнување на раководните лица и вработените во институциите, заради враќање на довербата кај граѓанките и граѓаните.

## Идни активности

Врз основа на наодите од јавната дискусија, како и други претходно спроведени истражувачки активности, тим составен од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител и „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ проектот ќе изработи извештај за повеќекратната и интерсекциската дискриминација и пристапот до правда за жените и девојчињата Ромки, како и за другите маргинализирани и ранливи групи. Наодите и препораките од овој извештај ќе бидат искористени од двете институции и од „ Поддршка на ЕУ за владеење

на правото“ проектот за планирање на идни активности и за застапување. Дополнително, резултатите од дискусијата двете институции ќе ги искористат во својата работа со цел да го насочат постапувањето по своите надлежности на начин на кој што ќе може активно да делуваат кон сузбивање и отстранување на пречките за пристапот до правда за жените и девојчињата Ромки.

## ПРИЛОГ: ЗАПИСНИК

**Поздравни обраќања**

**Модераторка:** **Билјана Котевска**, Експертка за родова еднаквост, Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“

Настанот го отворија и присутните ги поздравија:

**Игор Јадровски**, Претседател, Комисија за спречување и заштита од дискриминација

**Васка Бајрамовска**, Заменичка на Народниот правобранител, Народен правобранител

**Мабера Камбери**, Раководителка на Сектор за координација и техничка помош на министерот, Министерство за труд и социјална политика

**Барбара Лигл**, Лидерка на компонента „Фундаментални и човекови права“, Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“

## ОТВОРЕНА ДИСКУСИЈА

**Модераторка:** **Драгана Дрндаревска,** членка, Комисија за спречување и заштита од дискриминација

**Хајди Штерјова Симоновиќ (ХОПС, Опции за здрав живот)**

Најпрво се осврна на Законот за бесплатна правна помош и неговата примена во практиката. Истакна дека најпрепознаени како даватели на бесплатна правна помош се граѓанските организации, за потоа да ги потенцира предизвиците со кои се соочуваат. Како еден од тие предизвици го напомена начинот на финансирање, и тоа дека од донесување на првиот Закон за бесплатна правна помош во 2010 година, 99 проценти од граѓанските организации се финансирани од странски или регионални донатори, а не од Владата. Најчесто финансирањето е преку грантови, но од сите регистрирани организации само 5 - 6 добиваат грантови. Детектираше дека во однос на бесплатната правна помош, граѓанските организации не добиваат средства од Министерството за правда, што упатува на проблем со минимални средства наменети за бесплатна правна помош, кои не се доволни за сеопфатни постапки. Пример кој го посочи во однос на овој предизвик е недоволни

средства наменети за правниците во граѓанските организации кои ја реализираат бесплатната правна помош.

Понатаму, се осврна на важноста за детектирање на потенцијални случаи на бесплатна правна помош преку граѓанските организации, како и на важноста за одржување на сервисите на граѓанските организации за правни услуги. Во однос на секундарната правна помош, истакна дека доколку се поднесе барање, истото ретко се одобрува.

Ја посочи важноста на Мрежата за заштита од дискриминација, која е финансирана од странски донатори, меѓутоа нагласи дека одржливоста на истата е доведена во прашање.

Сето тоа доведува до неодржливост на процесот на бесплатна правна помош од страна на граѓанските организации и воедно го доведува во прашање пристапот до правда.

**Ашмет Елезовски (Национален ромски центар)**

Најпрвин упати критика кон видливоста на Ромите избрани во КСЗД. Иако Мрежата за заштита од дискриминација правела притисоци за избор на Ром во КСЗД, нивната видливост и учество на настани е мала. Упати критика дека на настанот не е повикан претставник на ромската заедница.

Се осврна на проблем кој потекнува од самата ромска заедница, преку лично искуство истакна дека под закана е самата заедница, бидејќи не постои интер-групна поддршка.

Во однос на работата на Националниот ромски центар, потенцираше дека со поддршка на европската делегација успеале да реализираат повеќе активности, опфаќајќи 450 жени Ромки (а 26 се вклучиле во понатамошните активности).

Постои потреба за зголемување на видливоста на ромската заедница, преку ревидирање на практиките. Упати критика кон институциите на државата и нивната работа единствено „на хартија“.

Во однос на практиките на склучување малолетнички бракови, посочи дека малолетните Роми не склучуваат бракови по волја, туку поради ситуацијата во државата. Посочи на проблемот со принудна проституција на девојчиња Ромки.

**Неда Чаловска Димовска (Експертка)**

Се осврна на неколку истражувања на кои и самата работела, а се однесуваат на пристапот до правда. Ги образложи заклучоците кои произлегле од истражувањата, ставајќи фокус на незастапеноста на Ромките во правосудството, што е видливо преку фактот дека има само еден Ром судија и еден во Јавното обвинителство и ниту една Ромка. Ги сумираше резултатите од истражувањето кое го има работено како анализа на АСЈО и потребите од родова перспектива, давајќи ги следните препораки на база на овие истражувања:

- Академијата за судии и јавни обвинители да направи анализа на состојбите со помалку застапени заедници во правосудството и согласно добиените податоци да

ги ревидира квотите, заземајќи интерсекциски пристап, со цел да се поттикнат жените Ромки да вршат правосудни функции и
- Академијата за судии и јавни обвинители и правосудните органи да го преиспитаат начинот на комуникација со маргинализираните заедници.
- Преосмислување на квотите во целата јавна администрација.

**Наташа Бошкова (Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото"; Коалиција Маргини)**

Надоврзувајќи се на состојбите во правосудството, Бошкова ги истакна предизвиците во врска со степенот на познавање на судиите од областа дискриминација, како и стереотипите кои тие ги имаат, а доведуваат до нееднаков третман кон Ромите во судските постапки. Сето тоа доведува до фактот Ромите, а со тоа и Ромките, да имаат пониско ниво на заштита споредено со другите лица кои им пристапуваат на судовите и другите правосудни органи.

Се осврна на случаите пред Комитетот за спречување и заштита од сите видови на дискриминација врз жените, каде судовите, а со тоа и државата, пропуштиле да овозможат соодветна заштита на правата, односно пристап до правда. За исполнување на препораките потребен е сеопфатен пристап и тоа не може да се исполни со неколку обуки.

Непознавање на правилата за товарот на докажување во постапките за дискриминација од страна на правосудните органи останува да биде голем предизвик.

Антиродовите и антидемократските движења влијаат на стратегиите за родова еднаквост, на унапредувањето на родовата еднаквост, не само кон жените Ромки, туку и кон останатите маргинализирани заедници.

**Александра Цветановска (Македонско здружение на млади правници)**

Националното координативно тело за дискриминација не успеа да заживее и со тоа да даде успех, меѓу другото и кон жените Ромки.

Од искуството на МЗМП со бесплатна правна помош, истакна дека проблемот со состојбите кај жените Ромки е свесноста. Од практиката посочи дека жените Ромки, кога се барателки на бесплатна правна помош доаѓаат со придружба на сопругот. Како причина за тоа ги наведува финансиската нестабилност и зависност, како и обесхрабреност. Како препорака нагласи дека треба да се работи на сузбивање на ваквата пракса, преку подигнување на свеста кај самата ромска заедница. Потребно е едуцирање на жените Ромки дека самите треба да се борат за своите права. Доколку ваквата пракса се искорени, може да дојде до ситуација во која ќе се охрабрат жените Ромки да влезат во академија, судство и обвинителство.

Како за бесплатната правна помош, така и за упис во матичната книга детектирано е дека 220 жени Ромки дошле со придружба на своите сопрузи.

МЗМП во Програмата за практикантска работа имале 630 практиканти, од кои само 10 биле Роми. Оттука заклучок дека се потребни афирмативни мерки во образованието, со што би се поттикнале девојките Ромки да се запишат и да завршат правен факултет.

**Љатифа Шиковска (Пратеничка)**

Ја истакна потребата од заземање на посериозен пристап на државата кон политиките кои ги таргетираат Ромите. Пред сè во однос на изборот на активности со кои се третираат одредени состојби, а и во однос на одржливоста и одговорноста на институциите. Одржливоста во имплементацијата на политики и програми не може да се остави на граѓанските организации, бидејќи тоа е задача на институциите. Во однос на начинот на проектирање, потребно е активностите да одговараат на фактичките состојби и да се сузбие инертноста при проектирањето на активностите. Финансирањето на политиките треба да обезбеди издвоени финансии од буџетот, кој ќе биде наменет за Ромите.

Во однос на бесплатната правна помош, истакна дека е подобро жените Ромки да имаат од страна на мажите, отколку воопшто да не побараат бесплатна правна помош. Придружбата и посредувањето е битно за да обезбедиме дека жените Ромки нема да бидат вратени од шалтерите.

Се осврна на состојбите на бездржавјанство, истакна потреба од менување на законите кои се однесуваат на државјанство, неевидентирани лица во матичната книга, живеалиште и лични карти, со што на граѓаните Роми ќе им биде олеснет пристапот до правда. При тоа потребно е заземање на системски пристап, бидејќи прашањето за Ромите не се решава само преку проектни активности на граѓанските организации. Државата треба да го искорени пристапот „ќе платиме оштета“, во постапките пред ЕСЧП и да заземе системски пристап кон решавање на проблемите.

Сегрегацијата е сè уште присутна во образованието и потребно е истата да се спречи.

Детектираше дека жените Ромки не се мотивирани да влезат во системот и секогаш гравитираат кон граѓанскиот сектор. Потребно е да се охрабрат да влезат во институциите на државата, особено во Собранието и извршната власт.

**Драгана Дрндаревска (Комисија за спречување и заштита од дискриминација)**

Потребна е бесплатна правна помош, со цел жените Ромки да не ги враќаат од институциите кога ќе одат за побараат некаква услуга која им следува. Можеби институциите не се соодветно приспособени за пристап на маргинализираните заедници.

**Мерита Мустафи (Сонце – Асоцијација за демократски развој на Ромите)**

Се осврна на дискриминацијата во практиката и како заклучок истакна дека заради слабата економска моќ на ромската заедница, многу често се повлекуваат од постапките за заштита на правата. Во Тетово ситуацијата е загрижувачка, бидејќи е воспоставена пракса на „фаќање врски“, дури и за развод на брак се чека со месеци. Потребни се заеднички напори, без разлика дали станува

збор за жени Ромки или генерално Роми. Истакна дека судиите не знаат да препознаат дискриминација.

Во однос на состојбите во образованието подвлече дека од 920 стипендии, 70 проценти се девојчиња Ромки, а 35 - 40 се жени кои го продолжиле своето високо образование. Иако се работи на Законот за основното образование, смета дека на предложениот начин нема да се смени состојбата со сегрегацијата во училиштата.

**Инес Џемаил (НВО Лулуди - Ромска организација за жени и млади)**

Смета дека има погрешна перцепција за состојбите – се вели дека жените Ромки се сиромашни, необразовани, свесноста кај жените придонесува кон тоа тие да бидат дискриминирани. Спомнати беа и штетните патријархални практики во однос на придружбата од страна на сопрузите. Жените спаѓаат во сите овие групи, поради тоа што се дискриминирани од страна на неромското население, државата, институциите, и тоа придонесува жената Ромка да биде необразована, невработена, и не ѝ се дава простор таа самата да си го трасира патот, поради тоа што ѝ се скратени можностите за истото.

Младите се запознаени со дискриминацијата, но не ја препознаваат онаа врз основ на етничката припадност. Треба да се воведе едукација за дискриминација уште во основното образование, барем во последните години 8-мо или 9-то одделение. Како организација сметаат дека КСЗД треба да почне да работи на тоа.

Кон фактот што жените Ромки немаат пристап до сервиси особено влијание има јазичната бариера.

Организацијата основала сервис, во кој се работи на давање на поддршка на жени Ромки - жртви на семејно насилство. Работеле и на Извештај за антициганизам, кој е достапен на нивната веб страница.

**Кимета Амет (НВО Лулуди - Ромска организација за жени и млади)**

Во однос на стратегиите за кои зборуваа претходните говорници, прашање е колку реално жените имаат бенефит од тоа. Овие стратегии во праксата не значат ништо, доколку не се издвојат финансии за имплементација.

Во однос на жените Ромки и бесплатната правна помош, постои ограничувачки услов, а тоа е финансиската состојба на барателите. Поради таквата поставеност не можат сите жени Ромки да бидат кориснички на бесплатна правна помош, туку само сиромашните. Во праксата имале случај, каде жена која се развела, не можела да добие бесплатна правна помош, поради фактот што земала одреден износ на плата. Поради тоа потребно е да се одвои сиромашната група на жени Ромки кои се необразовани, немаат доверба во институциите, не се економски стабилни. Без разлика дали станува збор за Ромките или другите категории маргинализирани граѓанки. Државата не овозможува услови жените Ромки да ги добијат истите прави како и другите жени.

**Драгана Дрндаревска (Комисија за спречување и заштита од дискриминација)**

Никој не ги обвинува жените Ромки, иако тоа го слушаме од страна на пошироката јавност. Постои структурна и системска дискриминација, при што системот не е прилагоден. Доколку станува збор за јазична бариера, треба да има лице во ЦСР и другите институции кое го разбира јазикот.

**Стојан Мишев (Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените)**

Детектираше дека постојат случаи на штетно несакано постапување од страна на Центрите за социјална работа. Она што се случува по пријавувањето на семејното насилство е погрешното третирање, жената се упатува на јакнење на родителските содржини. Треба да се изврши инспекциски надзор и да се утврди дали ваквата пракса е позастапена кај случаите на жените Ромки.

Податоците од судското набљудување покажуваат дека Ромките иницираат многу помалку мерки на семејна заштита. Потребно е да се анализира праксата на ЦСР во случаите кога се пријавува семејно насилство од страна на жена Ромка. Треба да се нагласи дека психолошкото насилство е позастапено и дополнително потребни се измени во Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство. Потребно е зајакнување на капацитетите на практичарите во однос на постапувањето кај семејното насилство врз жени Ромки, како и истите да се едуцираат за начините за заштита на нивните права. Во однос на пристап до правда кај жените жртви на семејно насилство произлегува дека жените Ромки, споредбено со останатите жени, како ранлива група постои генерална неинформираност и помал процент на пријавување.

**Ева Спасевска (ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување)**

Од работата на ХЕРА, истакна дека во праксата се случува кога жена ќе се охрабри да пријави насилство, да се бара од неа да го плати здравствениот преглед, кој според закон е бесплатен. Дури и од полициски службеници им било кажано дека ѝ помагаат на жртвата, единствено поради фактот што се во присуство на претставници од граѓански организации. Детектирале дека полициски службеници изјавувале дека знаат дека жената ќе се врати кај насилникот. Забележан е недостаток на меѓуинституционална соработка, при што честопати се контактира на приватни телефони на институциите.

Во делот на вработувањето, напомена дека голем дел од ромската заедница е неформално вработена. Поради тоа потребни се измени во Законот за работните односи, во однос на дефинирање на работникот и на тој начин да се овозможи овие лица да го добијат барем основниот пакет на работнички права.

**Љатифа Шиковска (Пратеничка)**

Во однос на родовобазираното насилство и семејното насилство, истакна дека веќе постои сеопфатна регулатива што ја регулира оваа област, но дека системот мора да понуди поконкретни решенија, особено во делот каде треба да се врати довербата на жртвите во институциите, без разлика дали станува збор за жртви Ромки или жени од друга етничка припадност. За таа цел

потребно е подигање на свеста за препознавање на семејно насилство и родовобазирано насилство кај надлежните институции кои треба да учествуваат во постапката.

Потребно е да се стимулира жената Ромка да пријавува семејно насилство. Треба да се започне од кругот на потесното семејство. Жената е економски зависна од сопругот и тешко се охрабрува да пријави насилство, токму поради недовербата кој институциите. Она што е важно е фактот дека кога жената сака да пријави, прво оди кај родителите, при што најчесто ситуацијата е да родителите не можат да ја примат на долг рок, со тоа што жртвата повторно се враќа кај насилникот. Затоа е важно да се работи на подигнување на свеста кај жените, не само кај жените Ромки, бидејќи сите ги засега ова прашање, а особено оние кои веќе се маргинализирани, немаат финансиска самостојност и стабилност, образование и се неинформирани.

Недостигаат сместувачки капацитети за жртвите од семејно насилство - шелтер центри. Во план е да се направат регионални центри. Во шелтер центрите мора континуирано да се работи со жртвите, потребни се стручни тимови кои можат понатаму да ѝ помогнат, да обезбедат психолошка поддршка, со цел тие да бидат интегрирани во општеството и понатаму да можат да станат финансиски независни.

Во Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика се потребни сектори кои ќе бидат специјализирани за заштита од семејно насилство.

Треба да се работи на доследно спроведување на Истанбулската конвенција.

**Драгана Дрндаревска (Комисија за спречување и заштита од дискриминација)**

Носењето на Истанбулската конвенција е само почеток, потребно е усогласување на останатата регулатива, како законска така и подзаконска (како пример усогласување на Законот за полиција), а не само Кривичниот законик.

**Стојан Мишев (Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените)**

Детектирани се проблеми во работата на ЦСР, особено при носење на решенија за децата со родителот со кој не живее. Во случаи каде децата не сакаат да остваруваат контакт со татковците, од ЦСР мајките се повикуваат на одговорност. Дополнително, ЦСР не само што не постапува, туку има тенденција да влијае врз жените за да ги повлечат своите барања. Се случува и самите жени често да не се свесни дека потпишале изјава за согласност ЦСР да не постапува во однос на нивниот случај.

**Наташа Петровска (Коалиција сите за правично судење)**

Се осврна на пристапот на институциите, во случаи кога жените им се обраќаат со придружник. Нивниот пристап кон жените во тие случаи е поразличен, за разлика од ситуациите кога самостојно се обраќаат до институциите. Издвои случај од праксата, во кој девојче Ромка пријавила полов напад. Во конкретниот случај институциите не постапиле соодветно кога девојчето дошло без придружба, не ги презеле потребните мерки, ниту биле дадени поуки во однос на

медицинска заштита. Таквиот однос се сменил кога девојчето дошло со придружба на родителите. Таквата иницијатива треба да дојде од Министерството за правда. Праксата би требало да се смени, жените ќе треба сами да доаѓаат за да побараат правна помош, бидејќи многу често немаат исто мислење со нивните сопрузи. Се случува судиите во судските постапки во кои жената е странка, да му се обраќаат на нејзиниот сопруг, како тој да е странката во постапката. Охрабрувањето на жените Ромки во врска со ова е надлежност на институциите, а не на граѓанските организации.

**Ирена Цуцуловска (Совет на Европа)**

Се осврна на значењето на бесплатната правна помош, но и на предизвиците. Забележано е зголемување во однос на дадена правна помош, но сè уште таа бројка е ниска. Смета дека тоа се должи на неинформираност на граѓаните за постоењето на Законот за бесплатна правна помош. Детектирано е дека 2/3 од населението воопшто не слушнале за бесплатна правна помош. Поради тоа потребно е да се едуцираат граѓаните за овие можности. Постојат 34 подрачни единици на Министерството за правда, отворена е и во Шуто Оризари. Во процесот се вклучени 16 здруженија на граѓани и 8 правни клиники, што е предвидено како нов механизам со донесување на законот. Одделението за бесплатна правна помош во Министерството за правда нема доволно капацитети. Истото работи со само двајца вработени, во лоши услови и неговата видливост е ниска. Друга причина за ваквата состојба со бесплатната правна помош е буџетот. Министерството за правда нема доволно финансии за да им обезбеди обуки на вработените кои работат во делот на бесплатна правна помош.

Забележани се и предизвици со финансирање на здруженијата на граѓани кои се даватели на бесплатна правна помош.

Поради состојбите во праксата постои потреба од измена на Законот за бесплатна правна помош, во спротивно ќе заглави системот на бесплатна правна помош, не само за жените Ромки, туку и за сите кои имаат потреба од бесплатна правна помош.

**Мабера Камбери (Министерство за труд и социјална политика)**

Приоритетна област за подобрување на состојбата на заедницата е образованието. Токму затоа голем дел од политиките и афирмативните акции (пр. стипендиите) се насочени во областа образование. Во државата има најголем број на ученици и студенти Роми, споредбено со останатите држави. Но, без разлика што овие лица ќе завршат образование, доколку не се вработат остануваат на маргините. Затоа се предвидени афирмативни мерки за вработување, каде приоритет имаат жените Ромки и жените жртви на насилство.

Во однос на Оперативниот плат за активни мерки за вработување истакна дека жените жртви на семејно насилство имаат приоритет при вработувањето, односно при користење на овие мерки. Дополнително, од сите кои ќе се вклучат во активните мерки за вработување, 5 проценти мора да бидат припадници на ромската заедница. При тоа, многу е тешко да се вработат лица со основно образование или без завршено образование. Поради тоа направен е Акциски план за формализирање на неформалната работа, со цел вклучување на овие лица во пазарот на трудот. Во оваа насока се мисли на жените хигиеничарки. Меѓутоа, ниту една од нив не сакала да биде

вклучена во заедничка акција и да ја реализира можноста за основање на еден вид социјално претпријатие. Сметале дека на тој начин ќе им се ограничат правата и финансиите.

Во однос на бесплатната правна помош, истата може да ја користат исклучиво државјани на РСМ. Тука не се вклучени лица без документи или без државјанство. Оттука произлегува потребата од измена на Законот на бесплатна правна помош, со цел вклучување на оваа категорија на лица како најранлива категорија.

До МТСП стигаат многу забелешки и поплаки во однос на работата на ЦСР преку каналот – пристап до информации од јавен карактер. ЦСР во својата работа секогаш треба да поаѓа од најдобриот интерес на детето, но во праксата тоа не е така. Имаше иницјатива од страна на родителите дека треба да се пристапи кон измени на Законот на семејството, со цел вметнување на заедничко родителство од страна на двајцата родители. Но, доделувањето на старателството не е исклучиво од надлежност на ЦСР, бидејќи судовите решаваат кај кој родител ќе биде доделено детето.

**Драгана Дрндаревска (Комисија за спречување и заштита од дискриминација)**

При постапките за доделување на старателство треба да се земе предвид дали таткото е сторител на родово базирано насилство, но тоа не е случај во праксата.

**Кристина Дода (Институт за човекови права)**

Во однос на интерсекциската дискриминација, институциите не се запознаени со посебната ранливост на групите кои поседуваат повеќе заштитни карактеристики. На пример дека жените Ромки може истовремено да припаѓаат и на други ранливи групи, како лица со попреченост.

Направиле интерна анализа во однос на тоа колку институциите заземаат интерсекциски пристап при креирањето на политиките. Истакнува потреба за заземање на интерсекциски пристап особено при мерките за вработување. Во 2020 година само 2,6 проценти од невработените Ромки биле активно вклучени во тие мерки. Најголем дел од корисниците на овие мерки се мажи.

Потребно е да се работи на рушење на стереотипите без притоа да се зајакнуваат одредени предрасуди, поради потребата од истакнување на проблемите.

**Љатифа Шиковска (Пратеничка)**

Во однос на активните мерки за вработување, интересно е дека пазарот на трудот има недостиг на работна сила, додека од друга страна има работоспособни лица кои се пријавуваат како невработени. Ваквите активни мерки најмногу таргетираат Роми – многу е важно заедницата да биде навремено известена. Мора да има кампањи со кои ќе се допре до граѓаните кои се засегнати со овие прашања и би биле информирани каде можат да се обратат.

**Наташа Петровска (Коалиција сите за правично судење)**

Освен менување на регулатива и практики, од најголемо значење е сензибилизација преку обуки на надлежните во постапките, не само за сензибилизација за работа со жени Ромки, туку и за работа со други заедници (како на пример ЛГБТИ). Пристапот на вработените во институциите во работата со странки мора да биде приспособен на разбирлив, а не стручен јазик.

Се осврна на случај од праксата, каде предметот за детето од Прилеп кое беше нападнато од страна на полициски службеник, се држел 7 – 8 месеци во Основното јавно обвинителство Прилеп, иако тоа обвинителство не било надлежно. Како заклучок извлече дека без граѓанските организации лицата нема да добијат соодветни услуги од страна на институциите.

**Лила Милиќ (ТрансФорма)**

Ја истакна потребата од казнување на раководните лица и вработените во институциите, заради враќање на довербата кај граѓаните и иницирање на постапки за заштита на правата. Освен тоа, потребна е и сензибилизација, особено на вработените на шалтерите.

**Васка Бајрамовска Мустафа (Народен правобранител)**

Во заклучните согледувања се осврна на фокусот на јавната дискусија, а тоа е се жените Ромки, кои како граѓанки се дискриминирани, обесхрабрени и недоволно информирани. Обесхрабрени пред сè заради традиционалните вредности, затоа е проблем менталниот склоп во општеството, а највеќе кај надлежните во институциите. За тоа е решение „поставување на вистинските луѓе на вистинските места“. Освен тоа, потребна е сензибилизација во институциите, особено на оние вработени кои работат со Роми. Но, тоа не може да се постигне со една кампања во текот на годината.

Треба да се направи дистинкција помеѓу писмени, полуписмени и неписмени Роми кои се дискриминирани, па врз основа на тоа да се заземе соодветен пристап. Исто така, да се мотивираат вистински маргинализираните Роми да побараат заштита на своите права. За тоа е потребно стекнување на доверба кај институциите, едукација за правата, вклучување на Ромите во процесите, како и заедничко работење помеѓу граѓанските организации и институциите на терен. Потребно е да се работи на истрајноста на граѓанските организации што работат со Роми.

Законите треба да бидат усогласени со конвенциите кои ги потпишала државата.

Системот треба да препознае и да ја сузбие дискриминацијата, а мандатот на НП и КСЗД е да прават притисок и превенција кон другите институции.

**Драгана Дрндаревска (Комисија за спречување и заштита од дискриминација)**

Во заклучни согледувања истакна дека клучен проблем е недовербата на граѓаните во институциите. Тоа ќе се реши ако граѓаните видат во пракса дека институциите работат во нивна корист, а не во корист на партиите.

Иако веќе постојат афирмативни мерки за жени Роми, во областа на вработување и образование, тие не се спроведуваат.

Во праксата на КСЗД нема предмети за родово базирано насилство и родово базирана дискриминација кон жените Ромки.

ДИСКУСИЈАТА СЕ ЗАКЛУЧИ ВО 13.30 ЧАСОТ